Овој проект е финансиран од
Европската Унија

# Поставени прашања во врска со повик за Грантови
# Референтен број: 09-87/2-2022

1. Дали како регистрирана подружница (согласно Законот за здруженија и фондации) на странска организација во Македонија, можеме да аплицираме на повикот за грантови?

- Да.

2. Како граѓанска организација која делува и работи во заштита на правата на работниците, дали во рамките на овој повик партнер може да биде синдикална организација?

- Овој повик се однесува на организации формирани согласно Законот за здруженија и фондации. Доколку станува збор за синдикална организација која е формирана врз основа на друг закон, тогаш таа не може да биде апликант или ко-апликант на овој повик. Апликантите може да ја употребат експертизата на овие синдикални организации, и на тој начин да ги вклучат во спроведување на проектот.

3. Дали во овој повик се опфатени лицата со попреченост?

- Целта на повикот е промоција на недискриминацијата, толеранцијата и еднаквоста преку водење на кампањи и промотивни активности во различни сектори и области на локално и национално ниво во Северна Македонија. Со отворениот повик може да се таргетираат различни групи на граѓани кои се маргинализирани и ранливи.

4. Во Упатството за аплицирање во делот на посочените подобни активности, во неколку наврати се поменува дека активностите и кампањите кои ќе се реализираат треба да бидат базирани на „докази". На што се мисли?

- Се мисли на референцирање/посочување на одредени податоци, препораки информации од разни анализи и истражувања што покажуваат дека предлог проектот потекнува од реални проблеми детектирани на терен.

5. Дали како доказ се смета доставени претставки до комисијата за дискриминација или народниот правобранител?

- Согласно вашата работа и проблемот на кој ќе работите во предлог проектот, за „доказ" ќе се смета и се што може вашата организацијата добила како податок од спроведено истражување, анализа или работа на терен, односно увидела од својата работа и добро документирала. Види и одговор на прашање бр. 4.

6. Дали да се задржиме на една тема/институција на пример образование, или може да обрнеме внимание на повеќе институции?

- Дали ќе се задржите на една тема/институција зависи од вас во зависност од тоа на што ќе работите. На вас е да одлучите.

7. Дали при описот, може да се користи некое емпириско искуство или само да се консултираат извештаите од различни организации се важат емпириски „докази"?

- Релевантни се податоците, информациите и емпириското искуство и на самата организација која аплицира. За повеќе види одговор на прашање бр. 4 и 5.

8. Дали може активностите да се насочат кон едуцирање на младите за антидискриминација?

- Предложените активности треба да се во поврзаност со еден или повеќе од следните резултати:

  Зголемено знаење и свест на поширокатa популација за важноста на борбата со дискриминација и бенефитите од еднаквоста за целото општество; Зголемено знаење и свест на вработените во јавните институции за важноста на борбата со дискриминација и бенефитите од еднаквоста за целото општество; Зајакната доверба на граѓаните во механизмите за заштита од дискриминација на национално ниво. Види повеќе во Упатството за аплицирање.

9. Дали од регистрирањето на здружението неизбежно е да се поминати две години иако здружението десет години претставувало неформална група во рамки на друга граѓанска организација, а официјално е регистрирано пред година и половина?

- За да биде подобно за аплицирање здружението треба да биде регистрирано најмалку две години пред објава на повикот.

10. Ако една организација аплицира како водечки апликант, дали има ограничување во аплицирањето како ко-апликант?

- На овој повик може да се аплицира самостојно или со ко-апликанти. Како ко-апликанти организациите може да се јават во повеќе предлог проекти, а како водечки апликант само во една апликација. Организацијата може да биде водечки апликант во една апликација и потоа да се јави како ко-апликант во други апликации.

11. Доказите ги разбрав како препораки од некои анализи, анкети направени во локалната средина, дали може да потврдите?

- Така е. Види повеќе во одговорите на прашања бр. 4, 5 и 7.

12. Дали „доказот“ кој ќе биде земен од релевантен извор, треба да се приложи во апликацијата, да не биде понатака предмет на не-селекција во административната проверка? На пример, ако е некое истражување и тоа како документ да се достави во прилог.

- Податоците и информациите од различни анализи и истражувања односно „доказите“ е потребно да се спомнат во наративниот дел на апликацијата со цел увидување на важноста за спроведување на наведениот проект. Нема потреба да се доставуваат како посебни документи.

13. Кога би имале одговори за одобрувањето на проектите и дата за започнување со реализација на проектите?

- Одредено е процедурата да се заврши до крај на декември оваа година, во зависност од бројот на пристигнати апликации. Се надеваме до крај на декември секоја организација да добие известување за статусот на апликација. А, почетокот на реализација на проектите сметаме дека ќе биде на почетокот на следната година.

14. Дали организациите кои ќе добијат грант ќе бидат помогнати од МЦМС при поднесувањето на документите во СЕП за регистрација на проектите или апликантите ќе треба сами тоа да го реализираат?

- МЦМС асистира околу подготвување на сите документи кои се потребни да се однесат во СЕП, а потоа секоја организација самостојно ги поднесува документите за регистрација во СЕП.

15. Дали претставува пречка при аплицирање ако организацијата нема вработени лица?

- Не преставува пречка за аплицирање, организациите може да работат на база на волонтери и да аплицираат на повикот.

16. Дали во овие помали грантови има буџетска рамка во однос на тоа колку средства да се издвојат за персонал, колку за работилници, патни трошоци и слично?

- Нема дадена рамка за како да ги преставите трошоците во секоја од буџетските ставки. На вас е како организација да одлучите целисходно како ќе ги преставите односите на трошоци помеѓу буџетските ставки.

17. Дали МЦМС ги исплаќа средствата од грантовите на организацијата или МЦМС ќе прави директна исплата на предвидените трошоци без да и префрли средства на организацијата?

- МЦМС ќе склучи договор со секоја организација која ќе биде избрана за грант и средствата ќе и бидат префрлени на организацијата. Организацијата е таа која што е одговорна за реализација на сите трошоци предвидени во грантот.

18. Дали на организациите кои ќе добијат грант и ќе потпишат договор ќе им биде дозволено да прават пренамени на предвидените трошоци во текот на спроведување на грантовите?

- На граѓанските здруженија кои ќе потпишат договор за грант ќе им биде дозволено да прават пренамени согласно реалните потреби, а во постојана комуникација со грант менаџерот.

19. Бидејќи во организацијата имаме вработени лица, хонорарно ангажирани лица и волонтери, не интересира дали ќе биде предност бројот на ангажирани лица која една организација ги има?

- Не преставува основа за предност бројот на ангажирани лица во една организација. Доколку сакате во табелата за персонал може да ги издвоите и да пишете колку лица се вработени, колку лица се хонорарно ангажирани а колку лица се волонтери.

20. Дали во овие помали грантови има ограничување во буџетската рамка за вработени, ангажирани и другите ставки на пример 30% за персонал и итн.?

- Види одговор на прашање бр. 16.

21. Што се подразбира под индиректни трошоци?

- Индиректни трошоци се оние трошоци кои не можат директно да се поврзат со спроведувањето на акцијата но се сепак индиректно поврзани со спроведувањето на активностите од проектот. Индиректните трошоци се поврзани со директните

подобни трошоци бидејќи помагаат вашата организација да ги извршува непречено своите активности и сервиси. Тие не смеат да вклучуваат неподобни трошоци (види дел 2.3 од Упатството за аплицирање) или трошоци кои што се веќе пријавени под друга ставка на предлог буџетот. Секоја организација согласно своите оперативни активности реализира екстра активности кои се индиректно потребни за реализација на проектите. Секоја организација самостојно одлучува кои трошоци ќе ги предвиди во индиректните.

22. Дали, имајќи го предвид големиот број на здруженија кои згаснаа заради (недоволното транспарентно информирање околу) законските измени за задолжителна вистинска состојба, кои згаснаа заради драконските казни од државата и се перерегистрира како нови правни субјекти нема да бидат дискриминирани за учество во повикот, со ригорозниот услов за најмалку две години постоење т.е. впишување во централен регистар? Нивниот број е релативно голем.

– МЦМС е свесна за оваа ситуација и преку свои претставници во работните групи застапува за промена и изземање на здруженијата од предвидените казни. Се уште немаме точна бројка колку организации се згаснати иако веруваме дека станува збор за мал број на организации кои се нови и немале прилика да се информираат на време за овие барања за впишување на вистински сопственици.
  На повикот е битно да работиме со организации кои веќе работат на темата и веќе имаат воспоставен однос со крајните корисници и своја пракса во борбата со дискриминација, работат на еднаквоста и толеранцијата на сите во општеството итн. Овој критериум од минимум две години е ставен во таа насока.

23. Дали може да се аплицира со проект за кој е веќе добиен мал грант во минатото од програмата Цивика Мобилитас и е реализиран?

– Ваквата апликација нема да биде земена во предвид. Доколку аплицирате со ист проект претходно финансиран од друг донатор вашата апликација нема да биде земена за оценка бидејќи тие трошоци се неподобни трошоци (видете во Упатството за аплицирање). Доколку сакате да аплицирате за надградба на веќе реализиран проект добро опишете зошто е потребно продолжување на активностите и како овој проект ќе биде надополнување на претходно реализираниот проект без притоа да се прави дуплирање.

24. Дали е дозволено да се предвидат банкарски провизии?

– Дозволено е банкарските провизии да се предвидат во индиректните трошоци.

25. Претседателот на здружението е овластено лице во ЦРМ дали е доволно тој да се потпише на апликацијата или треба да даде овластување на лицата кои ќе го спроведуваат проектот?

– Доволно е да стои негов потпис при аплицирањето.

26. Дали за помалите грантови од 6.000 евра ни се потребни партнери или можеме да аплицираме самостојно?

– Во согласност со Упатството за аплицирање, на овој повик за грантови можете да аплицирате самостојно или со партнери.